

# Што е домашно насилство?

Домашното насилство претставуваат насилничко однесување на некое лице со цел да контролира и доминира друго лице со кое е во блиски односи. Ова ги вклучува сите видови на физички напади, психолошко, социјално, економско или емоционално малтретирање. Тоа исто така вклучува однесување кое ве тера да се плашите за вашата безбедност.

Тоа може да вклучува работи како што се:

- да ве тепа, удира со тупаници, клоци, шлаканици или да ве дави
- да користи оружје, на пример, да ви се закануva со нож
- да ве присилува на полови односи (силување)
- да ве присилува да гледате порнографија
- да ве присилува на полови односи со други луѓе
- да ве понижува, навредува или пцуе
- да ви кажува дека сте глупи, дебели или грди
- да ви се закануva дека ќе ве убие
- да ви се закануva дека ќе ве врати во вашата земја
- да им се закануva на вашите деца или другите членови од семејството
- да ги уништува работите кои ви се важни
- да не ви дава доволно пари
- да ве спречува да работите или да се гледате со пријателите и семејството
- да ве заклучува дома
- да ве оптужува дека не сте му верни
- да ви поставува неразумни барања.

Можеби се уште сте со партнерот заради доброто на децата, можеби немате семејство или пријатели, или можеби се срамите да предизвикувате проблеми. Не треба да се обвинувате за домашното насилство и тоа никогаш не е по ваша вина.

**Не сте сами – можете да зборувате со лица кои ќе ве разберат и ќе ви помогнат. Најдоброто нешто што можете да го направите за вашите деца и за себе е да зборувате со некого и да добиете помош.**

## Телефонирајте на Телефонската линија за домашно насилство (Domestic Violence Line) на 1800 65 64 63

Ако треба да зборувате со некој за вашите проблеми во врска со домашното насилство, можете да телефонирате на Телефонската линија за домашно насилство (Domestic Violence Line) на 1800 65 64 63.

На Телефонската линија за домашно насилство можете да телефонирате бесплатно, од било каде во државата, 24 часа во денот и можете да добиете совети во кризни ситуации, или информации каде да се обратите. Тие исто така можат да организираат преведувач. Сите повици на Телефонската линија за домашно насилство се доверливи.

На Телефонската линија за домашно насилство работат обучени советници-жени кои можат да ви помогнат:

- да најдете безбедно место
- да најдете каде да се сместите со децата во итни случаи
- да зборувате со полицијата и да добиете правна помош
- да добиете болничка нега и поддршка за семејството
- да земете Налог за заштита од насилство (Apprehended Violence Order - AVO)
- да најдете служба во вашата област каде ќе можете да добиете поддршка.

Во Австралија многу видови на домашно насилство се кривични дела. Не мора да го трпите домашното насилство. Постојат многу служби кои можат да ви помогнат.

**Телефонирајте на Телефонската линија за домашно насилство на 1800 65 64 63. Ако вие или вашите деца се наоѓате во непосредна опасност, телефонирајте за помош на 000.nazovite 000.**

Лицата кои се прикажани на фотографиите во овој леток се манекени.

*Оваа брошура може да се земе од Интернет страните на Одделот за социјална грижа (DoCS) на www.community.nsw.gov.au на следните јазици:* арапски • кинески • хрватски • дари • фарси • корејски • македонски • руски • самоански • сомалиски • шпански • турски • виетнамски

DoCS
NSW Department of Community Services